# Стратегија за локален економски развој

# 2024-2028



# ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ





# СОДРЖИНА

Предговор на градоначалникот ..... 3
Извршно резиме ..... 4
Листа на кратенки ..... 5
Вовед ..... 6
Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој ..... 9
Локална економска анализа ..... 10
Клима ..... 11
Биодиверзитет ..... 12
Демографски карактеристики ..... 14
Локална соработка и вмрежување ..... 19
Прирачник 3: Локална соработка и вмрежување ..... 21
Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција ..... 24
Пристап до финансии ..... 25
Земјиште и инфраструктура ..... 26
Регулаторна и институционална рамка ..... 27
Вештини, човечки ресурси, инклузивност ..... 28
Надворешно позиционирање и маркетинг ..... 32
SWOT Анализа ..... 33
**SWOT АНАЛИЗА** ..... 33
ВИЗИЈА ..... 35
ЦЕЛ ..... 35
1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: ..... 37
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 ..... 41
Шема на финансирање ..... 45

# ПРЕДГОВОР НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Економскиот развој на Општина Кривогаштани се темели на развојот на земјоделското производство и развојот на малите бизниси. За правилен развој на економијата потребно е добро планирање и изработка на квалитетни стратегии, планови и програми. Со оваа Стратегија за ЛЕР на Општина Кривогаштани се утврдуваат развојните приоритети во областа на Локалниот економски развој во периодот на 2024 – 2028 година.

Активностите предвидени со оваа стртатегија претставува дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Кривогаштани, создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка.

За да можат решенијата да бидат реално остварливи, взаемно поврзани и интегрирано да влијаат врз постоечката состојба, потребно е постоење на заедничка визија за тоа каде граѓаните и субјектите сакаат да биде општината во иднина и стратегии како да се стигне до таму. Визијата, стратегијата и планираните активности треба да бидат реални и возможни за имплементација од страна на општината, а не само нејзини желби и соништа.

Преку имлементација на Стратегијата ќе се реализираат голем број на проекти во насока на подобрување на понудата на Општина Кривогаштани како дестинација за рурален туризам, развој на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој и подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност кон гореспоменатите цели, континуиран развој на капацитетите на Општина Кривогаштани за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, промоција на општината, активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови, следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Кривогаштани и останатите стратешки документи, динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства. Континуирано подобрување на енергетската ефикасност. Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти. Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

Ваквата долгорочна стратегија ја подготвивме со помош на Американската агенција за развој – USAID, преку вклученоста во проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“.

**Градоначалник на Општина Кривогаштани**
**Николче Мискоски**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општина Кривогаштани е една од општините кои се вклучени во третата група локални самоуправи во кои се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, под покровителство на УСАИД. Една од активностите при имплементацијата на овој проект е токму поддршката при изготвувањето или ажурирањето на Плановите / Стратегиите за локален економски развој.

Стратегијата за ЛЕР на Општина Кривогаштани се однесува на четиригодишниот период т.е 2024 – 2028 година и е самостоен стратешки документ кој е насочен кон локален економски развој на општината, а истиот е изработен од одделението за локален економски развој и комунални дејности во соработка со претставници од НВО и бизнис секторот.

Во процесот на изработка на Стратегијата за локален економски развој направена е анализа на локалната економија и изготвена е SWOT анализа на општината, дефинирана е визијата, стратешките цели од кои произлезе и акциониот план со предложени активности.

За периодот кој го покрива овој стратешки документ визијата на Општина Кривогаштани е насочена кон развој на комуналната инфраструктура која во овој момент недостасува, развој на општината во еден од најголемите производители на земјоделски култури во Македонија преку унапредување и понатамошен развој на земјоделството, посакувано место за инвеститорите за отворање на нови бизниси кои ќе водат до отворање на нови работни места и задржување на населението на овие простори, преку постојано едуцирање на населението согласно потребите на пазарот на труд, развој на меморијалниот и еко туризмот преку искористување и промоција на културното, историското и природното наследство на наша територија и најважно од се да прераснеме во еколошки чиста и здрава животна средина.

Визијата која сакаме да ја исполниме ќе се оствари преку поставените стратешки цели кои произлегуваат од реалната ситуација, можностите и ресурсите кои ги нуди Општина Кривогаштани, акциониот план со предложени активности но секако и од направената SWOT анализа.

Изработувајќи ја SWOT анализата утврдивме дека она што треба да се искористи и максимално да се стави во функција на локалениот економски развој на Општина Кривогаштани е плодната почва и развиеното земјодество, добрата географска поставеност и ресурсите со кои располагаме, а се клучни не само за нашиот регион туку воопшто и за целата наша држава. Најголеми недостатоци кои ги има Општина Кривогаштани се во делот на отселувањето на населението како најголем проблем со кој се соочуваме насекаде низ државата, не само кај нас, потоа загадувањето, инфраструктурните и урбанистичките проблеми на кои значително треба да се работи во наредниот петгодишен период.

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ЛЕР | Локален економски развој |
| УСАИД | Американска агенција за меѓународен развој |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| SWOT | S – strength (предност )<br>W – weaknesses (слабости) O<br>– opportunities (можности) T<br>– threats (закани) |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЛАГ | Локална акциона група |
| НВО | Невладини организации |
| ЗГ | Здружение на граѓани |
| АВРСМ | Агенција за вработувањена Република Северна Македонија |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ИПАРД | Програмана за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој |
| ИПА ЦБЦ | Програма за прекугранична соработка |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството ируралниот развој |
| БРР | Биро за регионален развој |
| ЦРППР | Центар за развој на пелагониски плански регион |

# ВОВЕД

Стратешкото планирање е демократски метод во општината за создавање на визијата и на стратегиите за да се достигне посакуваната иднина на општината, за насочување на активностите и проектите за имлементација на планирањето како пристап и за нивно претставување во форма на документ - Стратегија за Локален економски развој. Стратешкото планирање со општината е рационално управување со неа, а тоа пак има потреба од согледување на фактичките состојби и потреби во општината и создавање решенија низ мерки и активности кои реално и можеле да се применат за разрешување на проблемите и потребите на општината. За да можат решенијата да бидат реално остварливи, взаемно поврзани и интегрирано да влијаат врз постоечката состојба, потребно е постоење на заедничка визија за тоа каде граѓаните и субјектите сакаат да биде општината во иднина и стратегии како да се стигне до таму. Визијата, стратегијата и планираните активности треба да бидат реални и возможни за имплементација од страна на општината, а не само нејзини желби и соништа. Локалниот економски развој е дел од оддржливиот локален развој. Тој е надлежност на локалната самоуправа и во најголем дел, зависи од доброто планирање од страна на самата единица на локалната самоуправа. Неопходноста од изработка на стратегија за локален економски развој, произлегува од важноста да се идентификуваат клучните проблеми со кои се соочува Општина Кривогаштани и таа има за цел догорочно да ги определи генералните насоки на развој на Општина Кривогаштани. за Локален економски развој треба да придонесе за остварување на визијата на општината преку остварување на стратешките цели, кои пак претставуваат мерки за решавање на проблемите со кои се соочува Општина Кривогаштани. Обезбедувањето на чиста животна средина, подобрување на инфраструктурата заради зајакнување на економскиот и социо-културниот развој и вклученоста на ранливите групи како и невработеноста се клучните предизвици со кои се соочува Општина Кривогаштани. Стратегијата за локален економски развој ја има и функцијата на промотор за одржлив развој на Општина Кривогаштани и е изготвен во согласност и склад со законските надлежности на единиците на локалната самоуправа, кои треба да се носители на локалниот економски развој. Ваквите надлежности подразбираат идентификување и поставување приоритети за поттикнување на севкупниот локален развој, водење на успешна економска политика на ниво на општината, поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, и учество во воспоставување и развој на локална институционална мрежа за промовирање партнерства. Со цел поквалитетно изготвување на стратешкиот план Општина Кривогаштани се идентификуваа приоритетни области за интервенција и тоа:

→ *Економија*
→ *Инфраструктура*

- → *Здравство и социјала*
- → *Образование култура и спорт*
- → *Животна средина*
- → *Земјоделие  и водни ресурси*

Во процесот на изработката на Стратегијата за Локален економски развој, Општина Кривогаштани се фокусираше на целокупната сопствена територија и сите нејзини населени места. Учесниците во изработката на овој стратешки план ги потврдија следните значајни принципи за подготовка и имплеметација на стратешкиот документ:

- → Чувство на сопственост, со цел да се обезбеди зголемено ниво на одговорност на сите чинители, кои беа составен дел од подготвувањето на овој документ или за кои се однесува стратешкиот план, во реализацијата и во процесот на мониторирање и оценување на стратешкиот план, како и во неговото евентуално прилагодување на новонастанатите состојби на локално и национално ниво;
- → Одржливост, со цел да се обезбеди подобар животен стандард на локалното население, но истовремено и да се создадат услови и за идните генерации;
- → Ефикасност и ефективност, со цел да се обезбеди најоптимално искористување на достапните ресурси;
- → Сеопфатно планирање на развојот – вклучувајќи ги сите надлежности на општината: урбано планирање, заштита на животната средина, активности во рамки на истата, култура и спорт, социјална заштита, образование, здравство и заштита од елементарни непогоди;
- → Одржлив развој – пристап насочен кон подеднакво задоволување на социјалните и економски потреби на различните генерации;
- → Почитување на човековите права – вклучувајќи ги правата на достоен животен стандард, пристап до здравствени услуги, недискриминација, образование, работа, социјална заштита и сигурност, детски права и здрава животна средина;
- → Партнерство и комуникација, со цел да се обезбеди ефикасна вклученост на сите партнери, чинители и граѓани;
- → Оваа нова Стратегија за Локален економски развој на Општина Кривогаштани за периодот 2023 – 2028 година е целосно нов документ кој е развиен самостојно со поддршка и насоки на експертот ангажиран од страна на УСАИД преку проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“. Во изработката на овој документ покрај вработените од одделението за локален економски развој каде  беа вклучени невладиниот сектор, граѓаните но и бизнис секторот. На тој начин успеавме да обезбедиме еднаква застапеност во консултациите и процесот на донесување на одлуки во целокупниот процес, исполнувајќи ја мисијата на проектот на УСАИД за поголема транспарентност и отчетност на

локалните самоуправи и воопшто на државните институции но секако и одговорноста на жителите на Општина Кривогаштани.

# ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) е изготвена врз основа на методологијата развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (M4EG) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.

Главни карактеристика на оваа методологија е тоа што се заснова на неколку структурни елементи:

- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг
- Пристап до финансии
- Земјиште и инфраструктура
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Локална соработка и вмрежување, кои претставуваат основа за анализа на локалната економија.

Друга особеност на оваа методологија е што го истакнува принципот на активно учество на засегнатите страни и е насочена кон изработка на документ кој се фокусира на економскиот развој, без сеопфатно вклучување на културата, здравството, социјалата и други аспекти на развојот во целина. Исто така методологијата предвидува изработка на јасен, концизен и практичен документ, во кои се дефинирани реални, изводливи активности кои треба да придонесат во остварување на целите и визијата на општината. На подготовката на Стратегија за Локален економски развој на Општина Кривогаштани за периодот 2024 – 2028 година и претходеа четири дводневни работилници организирани од УСАИД во периодот 2023 – 2024 година на кои работевме на начинот на изработка, пополнување на прирачници, прибирање податоци за локалната економија, средствата за финансирање, изработка на стратешки цели и приоритети, визија на Општина Кривогаштани, изработка на SWOT анализа, подготовка на акционен план и слично. При изработката на оваа локална стратегија за економски развој, бизнис заедницата беше повикана активно да се вклучи со свои видувања и предлози, но заинтересираноста од нивна стана не беше голема.

# ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

Географска положба и големина

Општина Кривогаштани се наоѓа во средината на југозападниот дел на Република Македонија, помеѓу 41°15` и 41°23` СГШ и 21°18` и 21°25` ИГД, и зафаќа површина од 93,57 км$^2$.

На исток и југ се граничи со Општина Прилеп, на север со Општина Долнени, на запад со Општина Крушево, а на југозапад со Општина Могила.

Во геолошки контекст, територијата на општина Кривогаштани е дел од Пелагониската зона, во која карпите се главно со преткамбриска старост, главно составени од гнајсеви и микашисти, а на територијата на општината доминираат квартерни седимент.

Општина Кривогаштани зафаќа површина од 93,57км$^2$, и истата може да се подели на две рељефни целини.




*(слика 8.1 Мапа на Општина Кривогаштани)*

Поголемата целина, која зафаќа 90% од површината, претставува рамничарски дел со главно обработливи површини, а втората целина, која зафаќа 10% од вкупната површина, претставува ридско - планински дел, кој е прекриен со пасишта.

Рамничарскиот дел на општина Кривогаштани располага со голем фонд обработливо земјиште што се користи за повеќе намени во земјоделското производство, додека на помал дел се наоѓаат природни пасишта и ливади. Северниот дел е претежно со благи падини. Највисоките врвови на ридовите на територијата на општина Кривогаштани достигнуваат од 650 до 750 м.н.в.

# КЛИМА

Имајќи ја во вид просечната надморска височина од околу 600 мнв, за територијата на општина Кривогаштани е карактеристична топла континентална клима. Општите карактеристики на овој климатски тип се топли суви лета и ладни влажни зими. Најстуден месец во годината е јануари, со просечна температура од 0,0°C, додека апсолутно минималната температура е измерена во јануари и во декември и таа изнесува -26,7°C. Најтопол месец е јули, со просечна температура 21,8°C, додека апсолутно максималната измерена температура изнесува 41,5°C. Повеќегодишната температура на воздухот, пак изнесува 11,2°C.

| ***Месеци*** | ***Температура °C*** | | | ***Врнежи*** |
|---|---|---|---|---|
| | ***Просечна*** | ***Максимална*** | ***Минимална*** | ***мм*** |
| ***Јануари*** | *0* | *4,7* | *-5,8* | *32,1* |
| ***Февруари*** | *2,2* | *6* | *-4,5* | *39,9* |
| ***Март*** | *6* | *9,8* | *-1,6* | *37,7* |
| ***Април*** | *10,5* | *14,6* | *2,2* | *52,5* |
| ***Мај*** | *15,5* | *19,7* | *6,2* | *64,4* |
| ***Јуни*** | *19,7* | *23,6* | *9,2* | *59,3* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Јули*** | *21,8* | *25,9* | *10,4* | *51,8* |
| ***Август*** | *21,5* | *26* | *10* | *46,1* |
| ***Септември*** | *17,4* | *22,3* | *6,9* | *43,9* |
| ***Октомври*** | *11,8* | *16,5* | *3* | *51,6* |
| ***Ноември*** | *6* | *10,3* | *-1,2* | *56,9* |
| ***Декември*** | *1,6* | *5,9* | *-4,5* | *50,1* |
| ***Годишна*** | *11,2* | *15,4* | *2,5* | *586,3* |

*(Табела 8.1. Климатски параметри за Општина Кривогаштани)*

Општина Кривогаштани не располага со големи количества на врнежи, а нивната просечна годишна сума изнесува 586,3 мм. Околу 30% од врнежите, паѓаат во вегетациониот период во пролет, и тоа во месец мај со просек од 64,4 мм.

Релативната влажност има просечна годишна вредност од 68%, што е нешто помалку од оптималното ниво од 70%. Појавата на магла е ретка на територијата на општина Кривогаштани со годишен просек од 12 дена со магла. Ветровите се доста чести, а најголема честина имаат североисточните, ¼ од вкупните ветрови.

## БИОДИВЕРЗИТЕТ

Имајќи го во предвид релјефот, со кој во голема мера се одредува карактерот на земјоделското производство во кое преовладува: сточарството (говедарство, овчарство, козарство и свињарство), живинарството (кокошки) и пчеларство, поледелството: житните култури (пченица, јачмен, рж, овес и пченка), индустриските (тутун), фуражните култури, (пченка силажа, луцерка, сточен грашок, граорица, вештачки ливади и др.), нивските култури (компир, бостан, грав и друго),

градинарските (домат, пиперка, кромид, зелка и др.) овоштарството (јаболко, праски, кајсии, сливи, вишни и друго), печурки, природни ливади и пасишта. Од ова може да се заклучи дека аграрот во овој регион, дава големи можности за развој на стопанството, со отварање на нови работни места, остварување на финансиски ефекти и добар стандард на населението во руралните средини.

Општина Кривогаштани има развиена пелевелната и рудералната вегетација (ass.Geranio -Sylibetum). Најчести видови кои можат да се сретнат на локацијата од оваа рудерална вегетација се Papaver rhoeas, Rumex pulcher, Xanthium spinosum, Sambucus ebulus, Hordeum murinum, Balota nigra, Conyza canadensis и други. На поголем дел од необработените површини лесно може да се сретнат растенија како што се: треви (Senecio vulgaris), вратика (Lolium tempoletum), Glebonis segetum, булка (Papaver rhoeas), љубичица (Viola sp), бодлика (Sircium arvense), глуварче (Teraxacum officinale), тегавец (Plantago spp), ливадска трева (Poa spp.).

Најдоминанти птици што се присутни во близина на планскиот опфат се див гулаб (Columbia livia), штрк (Ciconia boyciana), чавка (Pica pica) и врапче (Passer montanus). Од зимските преселници се детектирани сколовранецот (Sturnus vulgaris balcanicus), враната (Corvus cornix) и чавката (Corvus monedula). Можно е на подрачјето да се присутни еребица камењарка (Alectoris graeca) и полска еребица (Perdix perdix), како и степската ветрушка (Falco naumanni).



Во испитуваното подрачје се среќаваат и одредени видови на рбетници, претежно претставници на водоземци и влекачи. Почесто присутни видови се ридската желка (Testudo hermanni) и полската желка (Testudo graeca), кои се регистрирани според листата на IUCN глобална категорија на закана како ранлив вид (Testudo graeca), односно блиску до вид под закана (Testudo hermanni)

# ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според последниот официјален попис на населението и домаќинствата во Република Северна Македонија во 2021 година, на територијата на општина Кривогаштани живеат 5.167 жители, односно 55,17 жит/км². Од овој број 2.716 (52,6%) се мажи, додека 2.451 (47,4%) се жени. Во однос на пописот од 2022 година се забележува намалување на бројот на жители за 983 жители или 16%.. Според неофицијалните податоци, најголемиот дел од населението во 2021 година живее во општинскиот центар Кривогаштани, 1.541 жители или 29,8%, додека во другите населени места живет значително помал број на население: Бела Црква 437, Боротино 267, Воѓани 342, Врбјани 247, Годивје 101, Кореница 39, Крушеани 489, Обршани 679, Пашино Рувци 497, Подвис 121 и Славеј 377.

Според етничката структура населението во општина Кривогаштани е многу компактно каде доминираат Македонци со 97,17% или 5.021 жители, 7 жители се од албанска националност, 7 Срби, 4 Роми, по едно лице од влашка и бошњачка припадност и 14 други неспомнати.

Вкупно работоспособно население (од 15+ години) според пописот во 2021 година изнесува4440  од кои 2314 се мажи и 2126 се жени. Над 65 години вкупно се 1049 жители. Вкупно активно вработено население изнесува 2576 од кои 1561 се мажи и 1015 се жени, а додека активни невработени се 176 лица од кои 99 мажи и 77 жени.

Оваа демографска состојба, не е многу поволна за идниот развој на општината, бидејќи во наредните 15-20 години бројот на работоспособното население постепено ќе се намалува, а сличен тренд ќе бележи и младото население, додека бројот на старо население и понатаму ќе продолжи да расте.

Според пописот од 2021 година, во општина Кривогаштани се евидентирани 1675 домаќинства,  2.317 живеалишта со 2379 станови и вкупна површина од 225964м2. Вкупно населени се 1497 станови со корисна површина од 159917м2. Просечната големина на едно домаќинство изнесува 3,08 жители, што е намалување во однос на просекот од 2002 година.

Општина Кривогаштани воспоставува целосно партенерство со УСАИД преку проектот ,,Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите,,.

Со изготвувањето на Планот за локален економски развој се постигнува целта за учество во проектот на УСАИД ,,Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите,, кој не е сеопфатен и не го заменува постоечкиот план, неговиот фокус е тесно поставен на развојот на приватниот сектор за да се зголеми растот, развојот и вработеноста.

Изработката на овој стратешки документ во себе ги инкорпорира и соодветствува со документи и развојни планови и од национален и регионален карактер:

*1. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 2009-2030*
*2. СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2031*
*3. ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026*
*4. ТРИГОДИШНИ РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНАТА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ*

Планот за Локален економски развој е развиен во партнерство со приватниот сектор, здружениа на граѓани, Советот на општина Кривогаштани, Одделението за Локален економски развој.
Стратешкото планирање само по себе нема да има ефект доколку носителите на локалниот развој и сите заинтересирани страни во сферата на локалниот економски развој во Општина Кривогаштани не превземаат понатамошни активности за реализирање на проектните идеи , односно нивно спроведување во целост.

Поради тоа , потребно е да се спроведат следните понатамошни активности:
1. Подготовка на проектната документација за финансирање на проектот;
2. Предвидување на средства во Буџетот на општина Круивогаштани
3. Аплицирање и водење на преговори со донатори и инвеститори за учество во финансирањето на проектот;
4. Мобилизирање на граѓанскиот и бизнис секторот за поддршка и нивно вклучување во проектите.

Општина Кривогаштани е една од слабо развиените економски центри во државата со слабо искуство и традиција во развојот на индустријата. Според податоците обезбедени од Државнниот завод за статистика од 2021 година, на територијата на општината функционираат вкупно 144 активни претпријатија.

Се забележува намалување на бројот на претпријатија во сите економски сектори.
Структурно, бројот на микро, мали, средни и големи претпријатија е следниот:
- 102 микро претпријатија
- 36 мали претпријатија
- 2 средни претпријатија
- 4 средни претпријатија

**Прирачник 2: Локална економска анализа - презентирање на компаниите од приватниот сектор**

| *Вид на економска активност* | *Број и % на компании (според класификација)* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *Микро* | *Мали* | *Средни* | *Големи* |
| | | | | |
| *Индустриско производство* | 1 | 3 | | |
| *Земјоделство* | 15 | 2 | | |
| *Преработувачка индустрија* | | 3 | | 2 |
| *Трговија* | 12 | 7 | 1 | |
| *Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издавачка дејност, односи со јавноста (PR)* | / | | | |
| *Финансиски услуги* | / | | | |
| *Медицински услуги* | 7 | 1 | | |
| *Правни услуги (нотари, адвокати)* | / | | | |
| *Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.)* | 4 | | | |
| *Ресторани, кафулиња, барови итн.* | 6 | | | |
| *Хотели, хостели, итн.* | / | | | |
| *ИТ услуги* | / | | | |
| *Транспорт* | 6 | | | |
| *Градежништво* | / | | | |
| *Комуникациски услуги* | / | | | |
| *Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, веб дизајн, социјални медиуми, настани)* | / | | | |
| *Управување со отпад* | / | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Туризам* | / | | | |
| *Културно наследство* | / | | | |
| *Сточарство* | 51 | 16 | 1 | 2 |
| *Индивидуални земјоделци* | | 4 | | |

Големите претпријатија во Општина Кривогаштани се јавуваат во областа на сточарството и во областа на преработувачката индустрија. Најголем активен индустриски капацитет од големите претпријатија кои се наоѓаат во индустриската зона е компанијата „Кривогаштани Промет„ која се занимава со преработка на пиперка каде се произведува познатиот бренд „Гурмано„.

Второ големо претпријатие кое се наоѓа во населеното место Славеј, е компанијата „Бакалески Компани„ која се занимава со преработка на пиперка и конзервирање на зеленчук.

Двете компании се доста успешни и своите производи ги пласираат како на домашниот така и на странсите пазари и се потпираат на домашните добавувачи и користење на стручна работна сила и знаење кое се црпи од традиционалниот начин на производство. Во развојот на економијата доста придонесува и средното претпријатие по големина кое се вика *ОКИ ДОКИ* и се наоѓа во населено место Крушеани, ова претпријатие врши откуп и преработка на земјоделски производи.

Притоа може да се забележи дека преработувачките капцитети генерално се во пораст остварувајќи високи приходи, како и сточарството кое е застапено со две големи претпријатија кои постепено се модернизираат а во стагнација е пољоделството посебно одгледувањето на житни култури.

Бруто домашниот производ по глава на жител изнесува:

| | 2021 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | БДП, во милиони денари | Структура на БДП, РМ = 100% | БДП, по жител, во денари | БДП, по жител, МК =100 |
| Пелагониски регион | 76.077 | 10.6 | 361.528 | 92.2 |

Табела 1: Бруто домашен производ Извор: База на податоци МакСтат




| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| 1.Големиот број на деловни субјекти од секторот земјоделие, можност за развој на нови преработувачки капацитети и преработувачки индустрии, можност за развој на конзервна индустрија, големи површини на обработливо земјиште, кои во случајов се добро искористени. | 1. Непостоењето на можности за развој на нови средни и големи компании, кои многу повеќе би придонеле за зголемување на економскиот развој на општината, со оглед на тоа што вработуваат повеќе луѓе, а и имаат поголем удел во приходите на општината од даноци |
| 2.Бројот на деловните субјекти во изминатите години многу малку варира, односно постоечките бизниси успешно функционираат. | 2. Голем број на деловни субјекти се сконцентрирани само во неколку населени места кои имаат поголем број на жители, додека во останатите населени места поради високото ниво на иселување и миграција, не постојат услови за одржлив економски развој. |

| | |
|---|---|
| 3. Мал процент на невработени млади лица | 3. на територијата на Општина Кривогаштани не постојат финансиски институции, што ги принудува локалните бизниси да ги задоволуваат своите потреби во однос на финансиски средства во најблискиот град Прилеп. |
| | 4. Намалување на бројот на крупна стока стока |
| | 5. Неможност за изградба на фирми надвор од населено место |
| | 6. Отсуство на ветеринарна станица |

# ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

Соработката меѓу бизнисите е релативно слаба, за што показател е не постоењето на бизнис асоцијации и здруженија. Постои регионалната стопанска комора, ваквата поставеност не ги задоволуваат очекувањата на локалниот бизнис.. ЛАГ Агро Лидер е институција во која членуваат четири општини и регионално соработуваат. ЛАГ Агро Лидер промовира и придонесува кон одржлив рурален развој преку иницијативи,партнерства и користење на постоечкиот потенцијал. Фокусирани се на позитивните еколошки, социјални и демографски трендови, мрежна соработка, формирање и учество на граѓански платформи и зајакнување на солидарноста меѓу граѓаните и невладините организации во унапредување на политиките за рурален развој. Постои практика на одржување на средби на градоначалникот со сите деловни организации на кои се разговара за потребата од подобрување на општинските услуги, потенцијалните финансиски извори на финансирање и зајакнување на имиџот на општината како атрактивно место за живеење, работа и инвестирање. Овие средби повеќе се доживуваат како политичка иницијатива отколку како вистинска соработка. Дефинитивна потреба за соработка со одделението за ЛЕР во општината постои, но без конкретни активности. Одделението за ЛЕР на општината има воспоставен канал за комуникација со бизнис заедницата. Општина Кривогаштани припаѓа на Пелагонискиот плански регион и има одлична соработка, преку планскиот регион

реализирани се повеќе проекти воглавно инфраструктурни и набавка на опрема кои индирекно допринесуваат за развој на економијата, преку оваа институција постои

Локалната соработка на општината со сите релевантни субјекти кои гравитираат на нејзина територија, секогаш била наш приоритет. Тоа значи дека Општина Кривогаштани вложувала и ќе вложува уште повеќе напори за да ја подобри локална соработка, пред се со бизнис секторот и со НВО секторот.

Силна страна во овој дел е отвореноста на општината за соработка, односно достапноста на градоначалникот и соодветните служби за секој кој има некаков проблем, идеа или предлог.

НВО секторот е многу важен, во поглед на креирање на соодветни капацитети, односно вложување во човечки ресурси, а интензивната комуникација, поддршка и соработка со овие организации се основен предуслов за тоа. Општина Кривогаштани има воспоставено соработка со неколку невладини организации, во насока на обука на младите во општината за формирање на Младински центри, пишување на проектни апликации и сл. Покрај ова, младите се вклучени во истражување со кое би се лоцирале нивните главни интереси и во кои полиња треба да се работи за подобрување на младинските политики. Исто така, во соработка со Националната платформа за женско претприемништво, редовно се организираат работилници за развој на претприемачкиот потенцијал на жените од Општина Кривогаштани

Заинтересираноста на бизнис секторот да се вклучи во процесот на креирање политики, носење одлуки и давање на предлози и идеи за функционирањето на локалната самоуправа беше многу мала. На иницијатива на градоначалникот и соодветните служби во општината, се потрудивме неколку пати да стапиме во комуникација со локалните бизниси и да го потикнеме нивното учество, но на почеток, безуспешно. Речиси никој од нив не беше заинтересиран. Поради тоа, првично го сменивме пристапот, односно службите на Општина Кривогаштани пристапија до локалните бизниси со цел да ги видат нивните потреби, проблемите со кои се соочуваат и да ги слушнат идеите кои ги имаат. Постепено, им укажавме дека се важен фактор за правилното функционирање на една локална самоуправа, со што нивното присуство на наредните состаноци на кои беа поканети се зголемуваше. Сега, сметаме дека комуникацијата со локалните бизниси е драстично подобрена, а целта на општината е во иднина да одржува најмалку 2-3 состаноци со нив на годишно ниво, кои би станале редовна практика.

Локалните бизниси во Општина Кривогаштани немаат некаква формална комуникација помеѓу себе, но редовно споделуваат искуства и добри практики, особено во земјоделието, каде конкурентноста и приносите зависат токму од примена на добрите практики.

Една од главните цели на Општина Кривогаштани е да ги задржи младите и воедно да го зголеми процентот на високо образовани лица. За таа цел, општината планира да склучи меморандуми за соработка со неколку универзитети, со што ќе се стипендираат или ќе се субвенционираат уписите на нашите студенти.

# ПРИРАЧНИК 3: ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

| ***Форма, област/тема за која се однесува (на пример Здружение за ИТ, Кластер за туризам, ЛАГ, локален економски совет, средби на градоначалник со бизнис, итн.)*** | ***Институции/ Вклучени лица*** | ***Постигнувања (наведете како функционира – на пр. спроведува проекти, дава услуги, дали соработката е трајна или привремена, итн.)*** | ***Оценка: корисна или некорисна*** |
|---|---|---|---|
| *ЛАГ агро Лидер* | *Бизнис сектор, младите од општината* | *Обука на младите во општината, пишување на проектни апликации и сл. Аплицирање на различни домашни и меѓународни повици Често се сретнуваат и се разговара за актуелните повици на кои може општината да учествува. Пример еден од проектите кои младите ги реализираа во соработка со општината е реализација на парк во Општина Кривогаштани.* | *корисна* |
| *Средби на градоначалник* | *Бизнис сектор* | *Презентирање на идеи или решавање на напроблеми. Постојани средби на градоначалникот со Бизнис секторот, еден пример од добрата соработка е реализција на Фестивалот на пиерката каде што се презентираа земјоделски производи и општината потпиша соработка со Општина Лебане од Србија, соработка би придонесла развој на економијата на општината од секторот земјоделие.* | *корисна* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Општината има соработка со Центарот за развој на пелагониски регион.*<br><br>*Општината учествува во проекти со други општини во пелагонискиот регион во насока на економски развој* | | | |

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** | |
|---|---|---|
| 1. отвореноста на општината за соработка, односно достапноста на градоначалникот и соодветните служби за секој кој има некаков проблем, идеа или предлог. | 1. мала заинтересираноста на бизнис секторот во вклучувањето на процесот на креирање политики, носење одлуки и давање на предлози и идеи за функционирањето на локалната самоуправа | |
| 2. добра воспоставена соработка со невладини организации, во насока на обука на младите во општината, формирање на Младински центри, пишување на проектни апликации и сл. | 2. мала заинтересираност на жителите за искористување на средствата од фондовите или проектите кои им се на располагање | |

# БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

На Одделението за ЛЕР на општината му недостасува искуство во проактивно обезбедување информации и деловни услуги за бизнисите. Тие обично реагираат на различни барања и работат со фирмите поединечно, што создава впечаток дека ги фаворизираат оние со кои се блиски. Општината е во процес на создавање на економски совет за да се подобри комуникацијата со стопанствениците и да се обезбедат навремени информации за сите. Освен неколку средби на градоначалникот со деловните организации, нема друга форма на соработка за подобрување на деловното опкружување врз основа на потребите на бизнисот. Информациите за национални програми или донаторски програми за поддршка на бизнисот се нередовни и не можат да се најдат на веб страницата на општината. Општина Кривогаштани преку одделението за ЛЕР остварува контакти со бизнис заедницата и со нови млади претприемачи по нивно барање на кои им се презентираат можностите за инвестирање и за отворање на нови бизниси на територијата на општината. Во соработка со АВРСМ се врши презентација на нивните програми за самовработување и отворање на микро бизниси. Сите тендери организирани од страна општинската администрација се објавени на веб-страницата и на отворањето на понудите може да учествува секој заинтересиран. Состаноците на Советот на општината се отворени за јавноста и постои можност за давање коментари и повратни информации за општинските уредби/прописи. Буџетот, кварталните извештаи како и завршните сметки на Општина Кривогаштани исто така редовно се објавуваат на веб страната.

Основни предизвици со кои локалните бизниси се соочуваат, за што им е потребна соодветна поддршка се правни совети, како на пример основање на фирма, подготвување на тужби, подготвување на најразлични барања, ликвидација на компании и сл. Ова особено се однесува на фирмите кои се од секторот Трговија на големо и мало. Фирмите од овој сектор имаат и потреба од обуки за искористување на финансиски средства од фондови.

Фирмите од сектор Земјоделие, кои се и најбројни во Општина Кривогаштани, имаат потреба од обуки за искористување на средства од ИПАРД програмата, која според нив е комплицирана и многу често се одбиени поради некомплетна документација.

Силни страни на Општина Кривогаштани во овој дел е ефективна, траспарентна и ефиксна администрација, отворена за соработка со бизнис секторот. Покрај тоа, Општина Кривогаштани започнува со активна комуникација со бизнис секторот со цел надминување на бариерите и олеснување на услугите.

Слаба страна пак, во однос на бизнис опкружувањето, транспарентност и администрација без корупција, е неможноста за инвестирање во Индустриската зона, поради недостиг на финансиски средства. Општината се труди да најде финансии за да им ги обезбеди потребните услови на заинтересираните фирми да може да инвестираат во нашата општина.

## ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ

Во Општина Кривогаштани не постојат институции кои што би обезбедиле пристап до финансиски средства на локалните деловните субјекти. За таа цел тие најчесто се обраќаат до банките или слични институции во Општина Прилеп и Општина Крушево кои се оддалечени на околу 20 км.

Како еден од најголемите проблеми со кои што деловните субјекти во Општина Кривогаштани се соочуваат во однос на пристап до финансиски ресурси се сложените процедури на банките и другите финансиски институции. Имено претставниците на малите и средни претпријатија сметаат дека банките и слични институции бараат премногу документација при аплицирање за кредитни производи, а самиот процес премногу трае. Освен тоа сметаат дека овие институции немаат доволно финансиски производи кои што се адаптирани за потребите на микро и малите претпријатија. Покрај тоа, каматните стапки се премногу високи.

На национално ниво, постојат повеќе програми кои би можеле да се искористат од локалните бизниси. Една од тие програми е ФИТР фондот, кој нуди помош за започнување на нови, иновативни бизниси. Овој фонд, во соработка со многу банки во државата, нудат кредитни линии за сите кои имаат иновативна бизнис идеа.

Покрај ФИТР, тука е и ИПАРД програмата. Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија наменет за рурален развој (ИПАРД) е петта компонента на ИПА, со која се обезбедува финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој, од аспект на подготовките за Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ и инструментите за нејзино спроведување, поточно правилата за финансирање од Европскиот Фонд за земјоделство и рурален развој (ЕАРДФ), како и прилагодување на земјоделскиот сектор кон правилата и стандардите кои важат на Заедничкиот Пазар на ЕУ.

Силни страни кои се детектирани во делот пристап до финансии е постоењето на 10 тина банки во Прилеп и Крушево односно 10 тина филијали кои им се достапни на жителите и бизнис секторот на Општина Кривогаштани. Се наоѓаат релативно близу до Кривогаштани, на оддалеченост од околу 20 км. Покрај тоа, во Прилеп постојат и голем број на државни институции и други институции кои нудат пристап до финансии.

# ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

Бидејќи тренд на развој на бизнисот е позитивен, побарувачката за работни простории, земјиште и инфраструктура се зголемува. Општината вложува многу напори да ги идентификува сите општински земјишта и згради и да пристапи до физичките услови во кои се наоѓаат. Одделението за ЛЕР и Одделениеот за урбанизам, просторно планирање и комунални дејности работат заедно. Побарувачката е главно за работен простор за мали компаниии од преработувачката индустрија. Општината има една индустриска зона во населено место Славеј каде што поголем дел од парцелите се веќе зафатени. Дел од парцелите се на фабрика за преработувачки земјоделски производи дел од парцелите беа планирани за марихуана која се користи за фармацевки цели.Парцелите беа наменети за наменети за производство, дистрибуција и сервиси, или поточно за Лесна незагадувачка индустрија, услуги и магацини.

Во Општина Кривогаштани има вкупно 20,5 км локални патишта, од кои асвалт 12,5 км, земјен7,0 км, тампон 1,0. И должина на улиците од 52 км, односно  асфалт 28,5км, тампон 15,0, земјен 8,5 км. Земјените патишта во најголем дел се всушност полски патишта за пристап до земјоделските површини.

На територијата на Општина Кривогаштани единствена инфраструктура која општината може да им ја понуди на бизнис зедницата се дел од општинската зграда кои можат да се искористат за канцеларии.

Во Кривогаштани се организирале работилници за микро претпријатија или трговци поединци,  но од причина што интересот е многу мал од страна на бизнис секторот за вакви работилници. Но доколку би имал интерес, општината може да обезбеди простории за овие работилници и да биде иницијатор на истите. Постојат повеќе канцелариски простории во сопственост на Општина Кривогаштани кои би можеле да се искористат за различни намени, по потреба на бизнис секторот или невладиниот сектор.

Бизнис инкубатор не постои во Општина Кривогаштани. Во консултација со локалните бизниси, многу мал процент од нив се изјаснија дека имаат потреба од бизнис инкубатор. Најголемиот дел од нив, имаат потреба од правни совети и едукација.

Слаби страни во делот на земјиште и инфраструктура се бавните и скапи процедури за изработка на документација за продажба или давање под закуп на државно земјиште. Покрај тоа, одредени недоречености, односно спротивставености на законите се јавуваат како проблем при продажбата на градежно земјиште. Исто така, како слаба страна се јавува слабата економска активност што доведува до тоа да бизнисите немаат потреба од бизнис инкубатори, акцелератори и слично.

## РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Република Северна Македонија започна да го следи трендот за дигитализација на услугите за граѓаните и бизнис секторот. Проблемот со процедурите во институциите е нешто кое постои одамна и сеуште не е решено, иако се прават напори овие процедури да се олеснат.

Покрај тоа, недовербата која жителите, а особено приватниот бизнис сектор ја има во институциите, е нешто кое го актуелизира овој проблем и гради дополнителни бариери. Најголемите поплаки и жалби кои ги имаа од приватниот сектор во овој дел, се сложените и бавни бирократски процеси, особено при издавањето на дозвола за градба.

Покрај тоа, несоодветната координација помеѓу институциите каде треба да помине целокупната документација е дополнителен проблем кој се јавува, а поради кој се одолговлекуваат самите процедури. Конкретен пример е законот за урбанистичко планирање, кој се коси со законот за градење, во делот на продажба на градежно земјиште врз основа на АУП, за што во моментов е покрената иницијатива за автентично толкување на законите од страна на неколку општини во РСМ. Ова се всушност и детектираните слаби страни во поглед на регулаторната и институционална рамка.

Во овој поглед, бизнис секторот сугерира на подобра координација со соодветните надлежни институции кои покрај општината се исто така инволвирани во процесот на издавање на дозволи. Покрај тоа, друг начина да се забрзаат овие постапки е промена на законот, што не зависи од локалните институции.

# ВЕШТИНИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, ИНКЛУЗИВНОСТ

Невработеноста во Општина Кривогаштани е на ниско ниво, поголем дел од населението е земјоделско но и најчесто се вработуваат во поголемите фабрики во близина на градот Прилеп како што е Гентерм  но и во други приватни компании.

Приватниот сектор во овој момент се соочува со голем проблем, а тоа е недостаток на работна сила. Покрај овој основен проблем, се јавува и проблемот со несоодветен стручен кадар со потребни вештини. Иселувањето на населението, особено на младите лица придонесуваат за ваквата ситуација. Најголемиот број на приватни компании кои функционираат на територија на општината се бизниси од областа на земјоделството, локални продавници за колонијал, компании за производство на и преработка на земјоделски производи. Кадарот кој овие компании го бараат, во голема мера не зависи од стручноста, но затоа пак бизнисите се соочуваат со недостаток на работна сила.

Ако ги анализираме приваните компании во Општина Кривогаштани по сектори, можеме да кажеме дека во секторот земјоделство, има недостаток на соодветен кадар, и имајќи го во предвид трендот на иселување и миграција, се очекува овој проблем да се зголеми во иднина. Во овој поглед, општината ќе се потруди да организира стручни обуки како и да организира инфо сесии за можностите за вработување на активните баратели на работа.

Во секторот преработувачка индустрија, најголемиот проблем е недостатокот на работна сила, со оглед на големиот процент на вработеност но и големото иселување. Очекуваме со мерките кои општината ги презема (подобрување на инфраструктурата, создавање на нови работни места со конкурентни плати, развој на туризмот и сл.), за 4-5 години барем во одреден степен да го намалиме иселувањето, односно да ги задржиме младите лица. Луѓето кои се невработени повеќе од 2 години имаат изгубено секаква мотивација за нова квалификација и се многу пасивни во барањето нови можности за работа. Агнцијата за вработување организираше обуки за преквалификација на активните баратели на работа,која не беше во координација со приватниот бизнис. Не постои координација меѓу општината, бизнис заедницата, образовните и обучувачките институции. Некои бизниси иницираат обуки само за нивните потреби, но не заедно со други бизниси од истиот сектор.

Во секторот трговија на големо и трговија на мало, се јавува истиот проблем како и во преработувачката индустрија.

Силни страни се иницијативите кои се преземаат за задржување на младите лица во општината:

- Обезбедување на соодветна инфраструктура за пристоен живот како на пример канализациони мрежи, патна инфраструктура, чиста вода за пиење за секое населено место,

- Иницијативи за отворање на нови фабрики и привлекување на странски и домашни инвеститори, - Субвенции за климатизери и термоизолациони фасади со цел да вложуваат во своите домови и на тој начин да ги задржиме

- Посредување при организација на обуки за Младински центри, искористување на странски фондови и сл.

Покрај тоа, како силна страна се и иницијативите за помош на невладини организации со цел едукација на населението.

Недоволната информираност на населението за потребите на пазарот во однос на кадри, со цел да изберат соодветно образование или обука, е една од детектираните слаби страни. Покрај тоа, друга слаба страна е непостоењето на образовни институции на територија на Општина Кривогаштани за соодветен стручен кадар.

Прирачник 8: Вештини, човечки ресурси, инклузивност

| **Сектор (Според Прирачникот 1]** | **Моменталната состојба во однос на вештини (пр. мало или значително несовпаѓање на понудата и побарувачката – објаснете)** | **Проектирана идна состојба вештини (пр. мало или значително несовпаѓање на понудата и побарувачката – објаснете)** | **Можни полиња на делување** |
|---|---|---|---|
| Земјоделство | значителни - нрегистрирани голем број на индивидуални земјоделци | значителни – регистрирање на поголем број на индивидуални земјоделци | општината ќе се потруди да организира стручни обуки како и да организира инфо сесии за можностите за вработување на активните баратели на работа Инизирање на проекти во нассока на зајакнување на човечките ресурси субвенции и грантови за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | регистрација на<br>индивидуални<br>земјоделци,<br>користење на<br>ИПАРДЗ |
| Преработува<br>чка<br>индустрија<br><br><br><br>Сектор земјоделие | Недостаток на соодветен кадар,<br>и имајќи го во предвид трендот на иселување и миграција, се очекува овој проблем да се зголеми во иднина | имајќи го во предвид трендот на иселување и миграција, се очекува овој проблем да се зголеми во иднина. Во овој поглед, општината ќе се потруди да организира стручни обуки како и да организира инфо сесии за можностите за вработување на активните | подобрување на инфраструктурата, создавање на нови работни места со конкурентни плати, развој на туризмот и сл.), |
| Трговија | мал недостаток – микро бизниси, трговци поединци | мал недостаток- отворање на мали претпријатија (маркети заради конкурентни цени) | отворање на брендирани маркети - соодветен простор во приватна сопственост |
| Финансиски услуги | мал недостаток – отсуство на банки поголем и на осигурителни компании | мал недостаток – зголемен број на деловни банки и финансиски друштва | отворање на филијали на брендирани деловни банки - соодветен простор во приватна сопственост |
| Медицински услуги | мал недостаток - специјалистички услуги | мал недостаток – зголемена понуда за специјалистичи услуги | проширување на дејноста на постоечките ПЗУ |
| Правни услуги (нотари, адвокати) | - значителен- недостаток на адвокати и нотари | Значителен - да се зголеми присутноста на адвокати и нотари | отворање на адвокатски и нотарски канцеларии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.) | мал недостаток – доволен број на бизниси фризерници, перални ,поправка на автомобили недостаток на електро сервиси. | - мал недостаток – зголемување на квалитетот на услугите, стимулација за легализирање и регистрирање на бизнисите | субвенционирање на младите за отворање и зачувување на микро претпријатијата и субвенционорање на занаетчиите |
| Ресторани, кафулиња, барови итн. | Мал-доволен број на бизниси | Мал- доволен број на бизниси, доквалификација на потребен кадар, повисок стандард на постоечката работна сила | Мал- доволен број на бизниси, доквалификација на потребен кадар, повисок стандард на постоечката работна сила |
| ИТ услуги | значителен недостаток – обучен кадар кој работи во други општини и надвор од државата, регистрирање на бизнисот | Значителен недостаток – задржување на кадарот и стимулација за регистрирање на бизнисот | создавање на услови за работа во општината на познати ИТ брендови кој нудат добри услуги, субвенционирање на младите кој нудат ИТ услуги. |
| Транспорт | мал до значителен – немање на кадар - неквалитетна понуда, слабо развиен патнички транспорт | мал до значителен – повисок стандард на постоечкиот кадар и привлекување на соодветен кадар кој не работи во општината, вложување во квалитетна понуда, подобрување и проширување на патничкиот транспорт | вложувања во кадарот и основните средства за работа за подобрување на квалитетот на понудата, одржување и зголемување на патничките линии |
| Градежништ | значителен – недостаток на работна сила и соодветен кадар, нерегистрирани бизниси | значителен – зголемување на стандардот на работниците во овој сектор, превземање на мерки за легализирање на бизнисот | окрупнување на бизнисот, субвенционирање на овој сектор во делот на работната сила |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Комуникациски услуги | мала до значителна – слаба конкуренција пазарот, на слаб интерес за развој на овој сектор од познатите брендови (нема сервиси, нема продажни салони...) | мала значителна зголемување понудата кинкуренцијата, сет мерки зголемување интересот инвестирање на познати брендови | превземање на сет мерки за зголемување на понудата и побарувачката на комуникациските услуги |

# НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ

Општината Кривогаштани е значајна општина во југозападниот дел на рамницата Пелагонија поради тоа што е крстосница на регионалните патишта: На исток и југ се граничи со Општина Прилеп, на север со Општина Долнени, на запад со Општина Крушево, а на југозапад со Општина Могила. Кривогаштани секогаш претставувало центар на управна единица. Зафаќа површина од 93,57 км2 во јужниот дел на Република Македонија .

Општинскиот центар од најблискиот град Прилеп е оддалечен 20 км. Според жителите на општината, врз основа на спроведеното истражување и анкета, Општина Кривогаштани претставува општина со поволна положба и атрактивно место за живеење, каде постојат соодветни услови за развој на руралниот туризам и развој на земјоделието. Според локалните бизниси, покрај недостатокот на работна сила, недоволно изградената комунална инфраструктура претставува проблем за нивното нормално функционирање, но и основен недостаток при обидот да се привлечат нови инвестиции и компании. Општината, како што беше претходно наведено, се обидува да стане поблиска со бизнис секторот, со организирање на информативни средби, на кои се лоцираат основните проблеми но и се претставуваат можностите за инвестирање во општината. Градоначалникот на општината со лица од администрацијата често посетуваат стопански комори во и надвор од државата со цел привлекување на нови инвестиции. Детектирани силни страни се големиот број на природно и културно – историски богатства со кои располага општината а кои може да се искористат за развој на рурален, меморијален и еко-туризам. Овие потенцијали, во изминатите години делумно започнаа да се користат, да се спојат сите овие потенцијали во една солидна туристичка понуда и со тоа да се заинтересираат туристи од државата, но и од странство за почесто и во поголем број да ја посетуваат општината, а населението да започне да гради една успешна бизнис приказна потпирајќи се на развојот на туризмот. Во оваа насока, промовирањето на општината е еден од приоритетите во иднина. Слаби страни се недоволно изградената комунална инфраструктура како и нерешениот проблем со дивите депонии. Овој проблем во иднина е предвидено да се реши со изградба на нова регионална депонија за Пелагонискиот и Југозападниот дела на РСМ, која се планира биде лоцирана на територија на Општина Новаци и

ќе ги задоволува Европските стандарди. Процесот е веќе започнат и со заеднички сили и влог се надеваме дека истата за скоро ќе се изгради, при што општините од Пелагонискиот регион вклучуваќи ја и општина Кривогаштани ќе има голем бенефит.

# SWOT АНАЛИЗА

СВОТ анализа е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите, вклучени во некој проект или бизнис потфат. Тоа вклучува одредување на целта на бизнис потфатот или проектот и идентификување на внатрешни или надворешни фактори, поволни или неповолни , за да се постигне целта.

## SWOT АНАЛИЗА

| | *ЈАКИ СТРАНИ* | *ОПИС* |
|---|---|---|
| | *Поволна географска положба* | • *Западниот дел на Република Македонија*<br>• *Плодна географска положба* |
| | *Поволна медитеранска и континентална клима* | • *Искористени климатски потенцијали*<br>• *Развој на земјоделието и производство на квалитетни земјоделски производи*<br>• *Можност за развој на повеќе земјоделски култури* |
| | *Развиен образовен систем* | • *Основно училиште во Кривогаштани и Обршани*<br>• *Градинка во населено место Кривогаштани и Обршани*<br>• *Стручен и квалитетен наставен кадар* |
| | *Квалитетно земјоделско производство* | • *Систем од неколку фарми со следливо земјоделско производство*<br>• *Едуцирани земјоделски производители*<br>• *Стручен кадар- агрономи со искуство*<br>• *Сточарство со традиција* |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | *Развиена лесна индустрија* | • *Преработувачка индустрија*<br>• *Производство на леб и бели пецива* |
| | *Развиена инфраструктура* | • *Развиена патна мрежа со населени места*<br>• *Развиен транспорт и врска (телефон и интернет)*<br>• *Покриеност со водоводна мрежа е 70%*<br>• *Покриеност со електрична мрежа е 100 %* |
| | *Спорт* | • *Фудбалски клубови* |
| | *Постоење на локален медиум* | • *Локално радио Пела* |
| | *Здравствени услуги* | • *Здравствен установи од примарно здравство*<br>• *Аптеки* |
| . | *Средна стапка на криминал* | • *Зачестени кражби* |

| | ***СЛАБИ СТРАНИ*** | ***ОПИС*** |
|---|---|---|
| | *Недоволно пласирање на земјоделските производи* | • *Појавување на вишок на производи*<br>• *Неорганизирано (непланско) земјоделско производство*<br>• *Немање на HACCP* |
| | *Немање на водни ресурси* | • *Претежно водите ресурси се сведуваат на подземни извори*<br>• *Реката Блато е загадена* |

| | | |
|---|---|---|
| | *Голем број невработени* | • *Голем дел од работоспособно население се невработени* |
| | *Условите во образовните установи и културните центри* | • *Лоша состојба на училишните подови, тоалети, покрив, фасади, греење и итн.* |
| | *Непостоење на туристичка понуда* | • *Неафирмирани археолошки локалитети, неизградена инфраструктура до локалитети* |
| | *Немање на центри за рехабилитација и згрижување* | • *Домови за стари лица*<br>• *Центри за рахабилитација на алкохоличари и други зависници* |
| | *Ниска еколошка свест* | • *Постоење на диви депонии* недоволно *искористување на поставените контејнери за отпад* |
| | *Загадена животна средина* | • *Нерешена комунална инфраструктура-канализација и пречистување на отпадни води* |

# ВИЗИЈА

Општина Кривогаштани ќе биде економски развиена, модерна земјоделска општина во која се нуди живот во здрава и чиста средина и подобрен животен стандард на населението  и еднакви можности, која ќе претставува културен, образовен, социјален и еколошки центар во Пелагонискиот регион. Институциите се отчетни, ефикасни и отворени за граѓанско учество. Овие услови ќе придонесат за создравање услови за младите и намалување на миграциите и иселеувањето на населението

# ЦЕЛ

Обезбедување на квалитетни услуги за граѓаните како и подобрување на животниот стандард на населението и заштита на животната средина. Развој на малите бизниси како и рурален развој во еколошкаи чиста животна средина.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

Промоција на локалните ресурси и туристичките потенцијали на Општина Кривогаштани

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

Поддршка на примарно земјоделско производство и преработувачката индустрија

## 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ:

*Промоција на локалните ресурси и туристичките потенцијали на Општина Кривогаштани*

- Градежни блокови:
- Надворешно позиционирање и маркетинг
- Земјиште и инфраструктура
- Локална соработка и вмрежување

| **Активности/проектн и идеи** | **Времетраење (почеток/крај)** | **Вклучени партнери** | **Предвидени трошоци** | **Резултати (директни – outputs)** | **Мониторинг индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 Одржување на Фестивал на пиперката | Месец Август и секоја наредна година | Општина Кривогаштани, приватни фирми од областа на земјоделие | 180.000,00 денари | Зголемена промоција на локалните производители на пиперката<br><br>Воспоставена соработка на бизнис ентитети од Кривогаштани со бизнис ентитети од агросекторот од земјите од Регионот и пошироко<br><br>(Ова се детален опис на подактивности. Може да се стават во првата колона, под самата активност, но и не мора)-Зајакната свест за локалните про-изводи - | - Од 30 до 50 учесници<br><br>- Од 1000 до 3000 посетители<br><br>Подобрени процеси на земјоделско производство за 100 земјоделски стопанства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Промоција на општината | |
| 1.2 Подготовка, дизајн и дистрибуција на туристички водич на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетите-ли во Општина Кривогаштани | 2 месеци (март – мај 2024) | Општина Кривогаштани | 120.000,00 денари | Зголемена информираност за туристичките потенцијали на општината | - Изработен туристич-ки водич со големина од 20 до 40страни<br>- Испечатени и дистри-буирани 150 туристич-ки водичи за Општина Кривогаштани |
| 1.3 Организирање на инфо сесии за промо-ција на потенцијалите за туризам на Општина Кривогаштани | Во текот на 2024 и 2025 година | Општина Кривогаштани | 30.000,00 денари | Зголемена информираност за туристичките потенцијали на општината | - Одржани 5 инфо сесии<br>- Учествувале вкупно 100 лица на 5те инфо сесии |
| 1.4 Обновување на пос-тоечките табли и пато-кази до постоечките ту-ристички локации и проверка и санација на веќе обележаните ту-ристички патеки | 3 месеци<br>(Март – Септември Мај 2024) | Општина Кривогаштани, Ангажирана фирма за изработка и про-мена на таблите и патоказите и сана-ција на туристич-ките патеки | 1.300.000,00 денари | Полесна навигација и подобрен пристап до локалните туристички атракции | - Заменети 15 табли<br>- Заменети 15 патокази<br>- Санирани патеки во должина од 10 км |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.6 Уредување на местото викано Петочница позната туристичка и излетничка локација | Тековно за време-траење на страте-гијата | Општина Кривогаштани, домашни и стран-ски донатори | Потребно е да се ревидира постоечки проект (претпоставка околу 10.560.000,00 денари) | | - Уредени и реконструирани летниковци<br>Исчистен терен околу летниковците за да биде по попристапна за туристи,<br>Саниран и доопремена локацијата (поставени клупи и маси, детски игрaчки, паркинг простор итн. И санирање на веќе постоечки маси, клупи, детски играчки и сл.)<br>-Поставени рекреативни содржини за деца едно детско игралиште |
| 1.7 Партерно уредува-ње и осветлување на патека од Врбјанска чука (Сигнализација и маркација на | Зависно од обезбедените средства | Општина Кривогаштани, Министерсво за култура, донатори | Потребно е да се направи и ревидира проект (претпоставка околу 2.000.000,00 денари) | Зголемена привлечност на локалната туристичка атракција | - Изградена патека во должина од околу 2 км<br>-поставен 1 видиковец |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| патеката, Тампонирање на патеката со дробен камен, Изградба на видиковец) | | | | | |
| 1.8 Обелжување на Велосипедска патека<br>1,9 Организирање на велосипедска тура од Кривогаштани - Петочница- Кореница-Годивле | Во периодот од Јуни-Септемви месец секоја наредна година | Општина Кривогаштани, Агенција за млади и спорт, НВО | Потребно е да се направи и ревидира проект за (претпоставка околу 1.000.000,00 денари) | Збогатена туристичка понуда и зголемена привлечност на локалната туристичка атракција | -Обележана велосипетска патека<br>- Помеѓу 50 и 100 учесници<br>- Околу 100 посетители |
| 1.10 Организација на Планински ролер ски куп Кривогаштани-Крушево | Август месец секоја наредна година | Општина Кривогаштани, НВО, и Агенција за млади и спорт | 50.000 ден. | Збогатена туристичка понуда и зголемена привлечност на локалната туристичка атракција | -изработени информативни материјали- Бфрој на флаерио и информативни материјали<br>-одржан ски ролер куп со 50 – 100 учесници и околу 300-500 посетиели |
| 1.10 Обележување на локација за слетуавње на параглајдери од Параглајдер куп Крушево во Кривогаштани | Од месеците Мај до септембри секоја наредна година | Општина Кривогаштани, Општина Крушево, невладини | | Збогатена туристичка понуда и зголемена привлечност на локалната туристичка атракција | -обележана локација<br>-информативен материјал за промоција на оптината<br>- 100-500 учесници;<br>- 500- 1000 посетител |
| 1.11 Изработка на мобилна апликација за туристичките вредности и | 2024 -2025 | Општина Кривогаштани | 120,000 денари | Промоција на економскиот | Изработена мобилна апликација,<br>Најмалку 2000 број корисници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| капацитети во Општина Кривогаштани | | | | потенцијал на општината | |

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

Поддршка и развој на земјоделско производство, преработувачката индустрија

- Градежни блокови:
- Земјиште и инфраструктура
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност

| **Активности/проектн и идеи** | **Времетраење (почеток/крај)** | **Вклучени партнери** | **Предвидени трошоци** | **Резултати (директни – outputs)** | **Мониторинг индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 Изградба на мост на Река Црна во с. Бела Црква како дел од локалниот пат Бела Црква-Трновци | 04/2024 од 06/2024 | Министерство за транспорт и врски | 13.000.000,ден. | Подобрен пристап до земјоделски парцели и решавање на долгогодишен проблем на локалните жители | - Изграден на мост на Река Црна лесен пристап до земјоделски парцели |
| 2.2 Санација на полски патишта за полесен пристап до земјодел-ските површини | Тековно секоја година | Општина Кривогаштани, Министерство за транспорт и врски | 15.500.000,00 денари | полесен пристап до земјоделските површини | - Санирани полски патишта во должина од 15 км |
| 2.3 Изградба на доводен цевовод од приклучна шахта на регионалниот водовод Студенчица | 04/2024 до 11/2026 година | МЖС, АФПЗРР, | 10.000.000,00 година | Подобрени услови за земјоделско производство | Изграден на доводен цевовод од приклучна шахта на регионалниот водовод Студенчица |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| кај с.Бело Поле до резервоар во бунарско поле с. Славеј (прва фаза) | | | | | кај с.Бело Поле до резервоар во бунарско поле с. Славеј (прва фаза) во должина од 4 км |
| 2.4 Изградба на улици во Општина Кривогаштани во должина од 2,5км | 05/2024 до 5/2026 | Буџет на елс<br>Министерство за транспорт и врски-Светска Банка<br>БРР(преку ЦРППР)<br>БРР | 25.000 000 денари | -Подобрување на патната инфраструктура во Кривогаштани,<br>-подобрување на условите за живот на локалното население<br>-зголемена можност за развој на земјоделието и зголемување на туристичката атракција | Изградена патна инфраструктура во општина Кривогаштани во должина од 2,5 км |
| 2.5 Поддршка за формирање на земјо-делски задруги На кој начин? | Тековно за времетраење на стратегијата | Општина Кривогаштани | / | - Овозможени советодавни услуги, организирани настани за потенцирање на придобивките од формирање на земјоделски задруги, организирани средби за поврзување на земјоделците со државните институции | - Минимум 1 формирана земјоделска задруга<br>- Минимум 10 членови во формираната земјоделска задруга |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - Формирани земјоделски задруги | |
| 2.6 Изработка на квартален билтен со роковник за датуми поврзани со објавување на повици за субвенции, Програми за рурален развој, ИПАРД мерки(во соработка со подрачната канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство) | 2024-2026 | Општина Кривогаштани и Министерство за земјоделие | | Одржување на редовни информативни средби за информирање на локалното население за можностите кои ги нудат мерките и програмите како и консултација за проблемите со кои се соочуваат | Одржани средби<br>Опфатени земјоделци од сите населени места во општината преку тернски посети |
| 2.7 Изработка на техничка документација за поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпна станица во бунарско поле с. Славеј. | 12/2024 | Општина Кривогаштани | 50.000 денари | Создадени услови за заштеда електрична енергија, зголемување на свесноста кај потенцијалните корисници | Изработена техничка документација за поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпната станица за водоснабдување во бунарско поле с. Славеј. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.8 Отворање на нови капацитети за згрижување на деца во претшколска возраст | 2024-2026 | Општина Кривогаштани<br><br>МТСП<br><br>Давател на социјални услуги | | Подготовка на општински социјален план<br><br>Изградба/реконструкција на објект за згрижување на деца во претшколска возраст со капацитет од 15 деца<br><br>Ангажирање на 16 негуватели со опфат од минимум 50 корисници | Проширување на капацитетите за згрижување на деца во претшкоска возраст за 15 деца<br><br>Зголемување на бројот на вработени лица<br><br>Развој и подобрување на социјалните услуги – услуга помош и нега во домот |
| 2.9 Поддршка за развој на циркуларна економија во прехрамбената индустрија и зелени бизниси преку обуки и саеми. | 2024-2026 секоја наредна година | Општина Кривогаштани<br><br>Министерство за економија<br><br>Донатори<br><br>Бизнис заедница | | | |
| 3.7 Давање субвенции за унапредување и развој на земјоделството | Март месец секоја наредна година | Општина Кривогаштани | 1.000.000,00 денари | Зголемена конкурентност на локалните земјоделски производители | Субвенционирани вкупно 50 лица |

# ШЕМА НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиски средства ќе бидат потребни за реализација на поголемиот дел од предвидените активности. Нивното финансирање ќе биде со средства од Општина Кривогаштани, но и со средства од соодветни институции во државата, фондови од странство, но и техничка помош од одредени организации. Кривогаштани ја подготви планираната финансиска шема за овие активности:

**Прирачник 13: Шема на финансирање**

| Активности | Предвидени трошоци (денари) | Извори на финансирање | | | | | Непокриени трошоци | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Национални програми | Локален буџет | Приватен сектор | Донатори | Други (наведете) | | |
| 1.1 Изработка на техничка документација за изградба на улица во населено место: Крушеани,Славеј, Кривогаштани и Обршани | 800,000,00 ден. | 0 | 800,000,00 ден. | | | | | |
| 1.2 Изработка на техничка документација за изградба на улици во с. Обршани, Славеј, Кривогаштани, Крушеани | 400.000,00 ден | | 400.000,00 ден | | | | | |
| 1.3 Изработка на техничка документација за изградба на улици во с. Пашино Рувци, Славеј, Кривогаштани, | 500.000,00 ден | | 500.000,00 ден | | | | | |
| 1.4 Изградба на улица во населено место Крушеани, обршани, Пашино Рувци, Кривогаштани, Подвис, Славеј | 24,000,000,00ден | | 2.000.000,00 ден | | | 22.000.000,00 ден | | Буџет на елс Министерство за транспорт и врски-Светска Банка БРР(преку ЦРППР) БРР |
| 1.5 Изградба на улица во населените места: Славеј, Кореница, и Кривогаштани | 5.000.000,00 ден | | 5.000.000,00 ден | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.6 Изградба на улици во населените места: Кривогаштани, Славеј, Пашино Рувци и Обршани | 6.000.000,00 ден | | 6.000.000,00 ден | | | | | |
| 1.7 Изградба на мост на Река Црна во с. Бела Црква како дел од локалниот пат Бела Црква-Трновци | 13.000.000,ден. | | | | | 13.000.000,ден. | | Министерство за транспорт и врски |
| 1.8 Изработка на техничка документација и приклучок на експлоатационен бунар во с. Обршани | 1.500.000,00 ден | | | | | 1.500.000,00 ден | | Министерство за животна средина и Општина Кривогаштани |
| 1.9 Изработка на техничка документација за изградба на доводен цевовод од приклучна шахта на регионалниот водовод Студенчица кај с.Бело Поле до бунарско поле с. Славеј | 600.000,00 ден | | 600.000,00 ден. | | | | | |
| 1.10 Изградба на доводен цевовод од приклучна шахта на регионалниот водовод Студенчица кај с.Бело Поле до резервоар во бунарско поле с. Славеј (прва фаза) | 10.000.000,00 ден. | | | | | 10.000.000 ден | | МЖС, АФПЗРР, |
| 1.11 Изградба на доводен цевовод од приклучна шахта на регионалниот водовод Студенчица кај с.Бело Поле до резервоар во бунарско поле с. Славеј ( втора фаза) | 10.000.000,00 ден. | | | | | 10.000.000,00 ден. | | МЖС, АФПЗРР |
| 1.12 Изградба на пречистителна станица на мрежа во с. Бела Црква и Воѓани | 8.000.000,00 ден | | 1.000.000,00 ден | | | 7.000.000,00 ден. | | МЖСПП Општина Кривогаштани |
| 1.13 Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани(2 фаза | 10.000.000,00 ден | | | | | 10.000.000,00 ден | | МЖСПП |
| 1.14 Изработка на техничка документација за | 60.000 ден | | 60.000 ден | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани | | | | | | | | |
| 1.15 Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Боротино со решение за третманот на отпадните води | 300.000,00 ден | | 300.000,00 ден | | | | | |
| 1.16 Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Боротино со решение за третманот на отпадните води | 300.000,00 ден | | 300.000,00 ден | | | | | |
| 1.17 Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани( фаза3) | 12.000.000,00 ден | | | | | 12.000.000,00 ден | | МЖСПП |
| 1.18 Изградба на канализациона мрежа во с. Славеј -Фаза 4 | 1.400.000,00 ден | | | | | 1.400.000,00 ден | | МЖСПП Општина Кривогаштани |
| 1.19 Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Подвис со решение за третманот на отпадните води | 250.000,00 ден | | 250.000,00 ден | | | | | |
| 1.20 Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани( четврта фаза) | 6.000.000,00 ден | | | | | 6.000.000,00 ден | | МЖСПП |
| 1.21 Изградба на канализациона мрежа во с. Пашино Рувци( прва фаза) | 6.000.000,00 ден | | | | | 6.000.000,00 ден | | АФПЗРР на РМ-БРР Општина Кривогаштани |
| 1.22 Изградба на тротоар на ул„Филип Втори„ во Кривогаштани- 3фаза-150м со вклучена атмосферска канализација | 1.500.000,00 ден | | 1.500.000,00 ден | | | | | |
| 1.23 Изработка на техничка документација за изградба | 100.000,00 ден | | 100.000,00 ден | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на тротоар на ул„Браќа Моцаноски„ во Кривогаштани- 1фаза-200м | | | | | | | | |
| 1,24 Изградба на тротоар на ул„Браќа Моцаноски„ во Кривогаштани- 1фаза-200м | 2.000.000,00 ден | | 2.000.000,00 ден | | | | | |
| 1,25 Изградба на тротоар с. Обршани- 2 фаза-200м | 2.000.000,00 ден | | 2.000.000,00 ден | | | | | |
| 2.1 Изработка на урбанистички план за вон населено место | 500.000,00ден | | | 500.000,00ден | | | | Приватни инвеститори |
| 2.2 Изработка на измени на урбанистички план за село Обршани | 400.000,00ден | | 400.000,00ден | | | | | |
| 2.3 Изработка на Урбанистички планови за вон село за нас.место со површина од 20 хектари | 400.000,00ден | | 400.000,00ден | | | | | |
| 3.1 Инсталација на инвертер клими во општинската зграда | 500.000,00ден | | 500.000,00ден | | | | | |
| 3,2 Изработка на техничка документација за поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпна станица во бунарско поле с. Славеј. | 50.000 ден | | 50.000 ден | | | | | |
| 3,3 Изработка на техничка документација за поставување на фотонапонски панели на кров на општинска зграда во Кривогаштани. | 60.000 ден | | 60.000 ден | | | | | |
| 3,4 Изработка на техничка документација за поставување на | 60.000 ден | | 60.000 ден | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| фотонапонски панели на кров на ОУ Манчу Матак во Кривогаштани | | | | | | | | |
| 3,5 Поставување на фотонапонски панели на кров на општинска зграда во Кривогаштани. | 1.200.000 ден | | 1.200.000 ден | | | | | |
| 3,6 Поставување на фотонапонски панели на кров на пречистителна станица во Кривогаштани. | 1.000.000 денари | | 1.000.000 денари | | | | | |
| 4,1 Организирање на Фестивал на пиперката | 200.000,00ден | 100.000,00 ден | | 100.000,00ден | | | | Општина Кривогаштани Бизнис сектор |
| 4,2.Изработка на веб страна за економска промоција на Општина Кривогаштани | 60.000,00 ден | | 60.000,00 ден | | | | | |
| 4,3Мобилна апликација за туристичките вредности и капацитети во Општина Кривогаштани | 120.000,00 ден | | 120.000,00ден | | | | | |

**Изработил:**

**Одделение за Комунални дејности и ЛЕР**

**Даниела Крстеска– Соработник за следење и поддршка на локален економски развој**

**Раководител на Одделение за Комунални дејности и ЛЕР - Сашо Цуцулоски**

**www.krivogastani.gov.mk** **email: opstina_krivogastani@yahoo.com**